**ВЛАДА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Претседател*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 12 05 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2141/1 | | |

08 - 1628/1
*Скопје, 12 мај 2015 год.*

Почитуван г-дин Вељаноски,

Ве известувам дека министерот за внатрешни работи на Република Македонија, г-ѓа Гордана Јанкулоска и министерот за транспорт и врска на Република Македонија, г. Миле Јанакиески, до мене доставија оставки на своите функции согласно член 94 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Предлагам Собранието на Република Македонија на првата наредна седница да ги констатира оставките на г-ѓа Гордана Јанкулоска и г. Миле Јанакиески. На истата седница, предлагам Собранието на Република Македонија да го избере г. Митко Чавков за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи и г. Владо Мисајловски за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски.

Во прилог Ви ги доставувам оставките на г-ѓа Гордана Јанкулоска и г. Миле Јанакиески, како и биографиите на предложените нови министри – г. Митко Чавков и г. Владо Мисајловски.

Со почит,

**Никола Груевски**

**г. Трајко Вељаноски,**
**Претседател на Собрание на Република Македонија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА
Скопје

| Примено: 12. 05. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1626/1 | | |

До

Влада на Република Македонија

г-н Никола Груевски, Претседател на Владата на Република Македонија

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20__ год.
Потпис

12 мај 2015

Скопје

Предмет: Оставка

Почитуван Претседателе Груевски,

Најнапред сакам да Ви се заблагодарам за довербата што ми ја дадовте да бидам дел од Вашиот тим и да раководам со Министерството за Внатрешни Работи на Република Македонија. Во изминативе години не штедејќи време и енергија, работев професионално и посветено, секогаш раководејќи се од интересите на граѓаните и пред се раководејќи се од интересот на Република Македонија.

Во овие тешки денови кога Македонија е во длабока политичка криза, ценам дека е време да се повлечам, верувајќи дека моето повлекување од функцијата Министер за Внатрешни Работи, ќе придонесе за нејзиното надминување.

Со почит,

Гордана Јанкулоска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

12.05.2015

08 1627/1

До: Владата на Република Македонија

Г-дин Никола Груевски – претседател на Владата на Република Македонија

Предмет: Неотповиклива оставка од позицијата Министер за транспорт и врски на Република Македонија

Почитуван претседател Груевски,

Најнапред сакам да Ви се заблагодарам за довербата и поддршката што ми ја дадовте во четири наврати да го предводам Министерството за транспорт и врски.

Во периодот од скоро 9 години имаше многу предизвици, проблеми, многу непреспани ноќи, но моја водилка и мотив за работа беше реализацијата на проектите од програмите на Владата кои им ги ветивме на граѓаните на Република Македонија.

Воведувањето на либералицијата во мобилната телефонија со што се намалија цените на разговорите за цели 75%, модернизацијата и изградбата на двата аеродроми и воведувањето на ефтини летови за 20 европски дестинации, изградбата на обиколницата околу Скопје, изградба на патниот правец Табановце Куманово, почетокот на изградбата на трете автопатишта во РМ, изградбата на десетици регионални и стотици локални патишта во сите општини на Република Македонија, почеток на изградбата на Пругата кон Бугарија и пругата Битола - Кременица, обновувањето на возниот парк во градот Скопје и договорот за новите патнички и товарни вагони во железницата, изградбата на жицницата во градот Скопје и уште голем број на други проекти кои ги реализиравме или се во фаза на реализација се со цел Република Македонија да ја направиме поубаво место за живеење.

Исто така во овие 9 години мандат спроведовме голем број на реформи со кои го зголемивме квалитетот на живот на македонските граѓани и компании како на пример легализацијата каде над 120.000 граѓани веќе добија имотен лист, електронската распределба на секој ограничен ресурс во Министерството, како ЦЕМТ дозволите, автобуските линии, градежно земјиште но исто така први во регионот ги воведовме и електронските системи за градење и планирање.

Почитуван претседател.

Гледајќи ја политичката состојба во Република Македонија и сите обвинувања кои се прават кон мене со разни лепени, монтирани, исечени и креирани разговори каде не беа поштедени и членови на моето семејство, а со цел да не влијаам на било каква постапка. Ви ја доставувам мојата неотповиклива оставка од позицијата министер за транспорт и врски.

Сметам дека оваа моја оставка ќе придонесе за стабилизирање на политичката состојба во Република Македонија и ќе овозможи нашата земја да продолжи да чекори на патот кон ЕУ и НАТО

Во оваа прилика сакам да се заблагодарам до сите мои поранешни и сегашни колеги но и на вработените во Министерството за транспорт и врски кои придонесоа сите горенаведени проекти да се реализираат. Исто така, се заблагодарувам и до сите оние кои несебично се вложија и придонесоа да се реализираат проектите од програмите на Владата.

Имајќи го во предвид моето долгогодишно искуство како министер. Ви стојам на располагање за реализација на започнатите проекти на Владата на РМ. а по целосно завршување на евентуална правна процедура и за понатамошен ангажман.

Со почит,

Миле Јанакиески



# КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Име и презиме:** Митко Чавков

**Роден:** 24 јануари 1963

**Националност :** македонец

**Брачен статус:** женет, татко на две деца

**Телефон:** +389 70/359-681

**e-maill:** mitko_cavkov@moi.gov.mk

## ОБРАЗОВАНИЕ:

| | |
|---|---|
| | дипломиран на Факултетот за безбедност во Скопје - Република Македонија |
| 2011 година | магистерстрирал на правниот факултет Јустинијан Први – Скопје, на тема "Криминалистичко разузнавање во борба против организираниот криминал". |
| 2015- | докторант на правниот факултет Јустинијан Први – Скопје, на тема "Организиран криминал" |

## ЗАНИМАЊЕ:

Дипломиран правник – насока безбедност

## РАБОТНО ИСКУСТВО:

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Имено, движењето на мојата работна кариера по завршувањето на приправничкиот стаж беше следно:

- Инспектор во Управата за безбедност и контраразузнавање,

- Началник на Секторот за криминалистичка полиција во регионалниот центар на Министерството за внатрешни работи во Струмица (од 01. 01. 1992 година),

- Заменик началник на регионалниот центар на Министерството за внатрешни работи во Струмица (мај 1999 година)

- Виш инспектор за дрога во Министерството за внатрешни работи (2001 година),

- Началник на Секторот за криминалистичка полиција во регионалниот центар на Министерството за внатрешни работи во Струмица (мај 2002 година),

- Самостоен инспектор за финансиски криминал во регионалниот центар на Министерството за внатрешни работи во Гевгелија (2003 година),

- Главен инспектор за финансиски криминал во Одделот за организиран криминал во Министерството за внатрешни работи (2003 година),

- Началник на Одделот за организиран криминал во Централните полициски служби во Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи (од септември 2006 година),

- Началник на Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во Централните полициски служби во Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи (од јануари 2011 година),

-Началник на Централните полициски служби во Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи (од април 2012 година),

-Дирекор на Биро за јавна безедост при Министерството за внатрешни работи (од мај 2013 година)

## СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ:

Англиски јазик

# Curriculum Vitae

## Лични податоци

**Презиме / Име:** Мисајловски Владо
**Пол:** Машки
**Националност:** Македонец
**Роден :** 21.01.1985

## Формално образование (редовно образование):

- **Завршено средно стручно образование** -ДСЕПУ "Васил Антевски – Дрен"- Скопје , отсек правен техничар
- **Завршено високо образование** – Скопје ,Факултет за политички науки и меѓународни односи , отсек –Дипломатија и меѓународна политика
- **Стекнат стручен назив** –Дипломиран политиколог – насока Дипломатија и меѓународна политика
- **Магистерски студии** – отсек Европска и меѓународна дипломатија и политика, Факултет за политички науки и меѓународни односи

## Работно искуство

- **Вработен во приватна фирма**- ДОЕЛ за трговија на стоки
- **Помлад соработник за меѓународна политика** - Кабинет на Претседател на Собрание на Република Македонија
- **Советник за меѓународна политика** - Кабинет на Претседател на Собрание на Република Македонија
- **Советник** - Општина Ѓорче Петров
- **Претседател на Комисија за прашања, избори и имененувања** - Општина Ѓорче Петров
- **Советник за меѓународна политика** – Општина Центар
- **Раководител на Сектор за подршка на активностите на градоначалникот** - Општина Центар
- **Државен секретар во Министерство за надворешни работи**
- **Државен секретар во Министерство за транспорт и врски**
- **Директор на Јавно Претпријатие за државни патишта**

## Јазици

### Мајчин јазик:

- Македонски

### Странски јазици:

- Англиски